МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 29 став (11) алинеи 1, 2 и 3 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА НА ПОСЕБНИТЕ ПЛАНОВИ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ШУМИТЕ СО СТОПАНСКА НАМЕНА И ЗАШТИТНА НАМЕНА, КАКО И НАЧИНОТ НА НИВНАТА ИЗРАБОТКА, ДОНЕСУВАЊЕ И ОДОБРУВАЊЕ, СОДРЖИНАТА НА ПОСЕБНИТЕ ПЛАНОВИ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ШУМИТЕ ВО ЗАШТИТЕНИТЕ ПОДРАЧЈА, НАЧИНОТ НА НИВНАТА ИЗРАБОТКА, ДОНЕСУВАЊЕ И ОДОБРУВАЊЕ И СОДРЖИНАТА НА ПОСЕБНИОТ ПЛАН ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ШУМИТЕ ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ НАД 30 ХА, НАЧИНОТ НА НИВНАТА ИЗРАБОТКА, ДОНЕСУВАЊЕ И ОДОБРУВАЊЕ

## Член 1

Во Правилникот за содржината на посебните планови за стопанисување со шумите со стопанска намена и заштитна намена, како и начинот на нивната изработка, донесување и одобрување, содржината на посебните планови за одгледување и заштита на шумите во заштитените подрачја, начинот на нивната изработка, донесување и одобрување и содржината на посебниот план за стопанисување со шумите во приватна сопственост над 30 ха, начинот на нивната изработка, донесување и одобрување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.248/19), во членот 34 став (3) по зборот “период" се става точка и зборовите до крајот на реченицата се бришат.

По ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) По исклучок од одредбата од ставот (3) на овој член, во ветрозаштитни шумски појаси (вид на заштитна шума) може да се примени мерка чиста сеча согласно член 12 точка 37 од Законот за шумите, само во делови каде нискостеблената шума ја има достигнато физичката зрелост и на површини оштетени (во оштетениот дел) од  биотски и абиотски фактори“.

**Член 2**

Во членот 40 став (3) по зборот „насадот“ се става точка и зборовите до крајот на реченицата се бришат.

По ставот (10) се додава нов став (11) кој гласи:

„(11) Во шумите во заштитените подрачје каде поради појава на пожар, болести, каламитети или други биотски и абиотски фактори, е причинета штета со која е промената состојбата односно формата на одгледување, во опфатената површина може да се изврши санација и чистење со примена на мерка чиста сеча согласно член 12 точка 37 од Законот за шумите“.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 47-6210/3
21 август 2020 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
Трајан Димковски, с.р.